ЕКСМАЛ 1

Готов саморазливен малтер со компензација на собирањето, наменет за залевање на пресеци со дебелина од 5 до 20 mm.

Одговара на EN 1504-3 Класа R4 и EN 1504-6

ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ексмал 1 се користи за конструктивни санации на бетонски и армирано бетонски елементи, за залевање на анкери, за подливање на лежишта на носачи, крански греди, машински лежишта и сл.

СВОЈСТВА

- Еднокомпонентен прашкаст материјал на цементна основа
- Одлична адхезија за бетонска подлога;
- Едноставен за подготовка и изведба;
- Лесно вградлив, саморазливен;
- Можност за рачна или машинска апликација;
- Високи рани и крајни јакости;
- Висок модул на еластичност;
- Го компензира собирањето при врзувањето;
- Отпорен на атмосферски влијанија;

ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

СВОЈСТВО	МЕТОД	ДОБИЕНИ ВРЕДНОСТИ	ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ
Изглед	-	Сива прашкаста маса	Сива прашкаста маса
Водоматеријален фактор	-	0,135	0.135 - 0.145
Максимална големина на полнило	-	1 mm	1 mm
Волуменска маса	EN 12190	2325 kg/m³	(2320- 2420) kg/m³
Обработливост (flow value)	EN 13395-2		
по 5 мин		40 cm	≥35 cm
по 15 мин		40 cm	≥35 cm
по 30 мин		45 cm	≥35 cm
по 60 мин		40 cm	≥35 cm
Време на стврднување	EN 13294		
Почеток		02:57	(2÷4)h
Крај		04:06	(3÷5)h
Јакост на адхезија	EN 1542	3,23 MPa	≥ 2 MPa
Јакост на притисок	EN 12190		
по 1 ден		36,7 MPa	≥30 MPa
по 28 дена		74,3 MPa	≥55MPa
Адхезија по собирање/бабрење	EN 12617-4	3,34/3,79 MPa	≥ 2,0 MPa
Термичка компатабилност, Дел 1, Адхезија по мрзнење/размрзнување	EN 13687-1	3,94 MPa	≥ 2,0 MPa
Отпорност на карбонизација	EN 13295	задоволува	dk≤ контролен бетон
Капиларна апсорпција	EN 13057	0,0671 kg $\cdot m^{-2} \cdot h^{-0.5}$	≤ 0,5 kg $\cdot m^{-2} \cdot h^{-0.5}$

СМЕСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) по.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

Дијаграм 1.

Дијаграм 2.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата на која се нанесува Ексмал 1 треба да биде здрава, цврста, чиста, да бидат отстранети сите лабилни делови, обеспрашена, обезмастена и заситена со вода. Температурата на површината на која се нанесува материјалот треба да биде во граници од 5°C до 30°C.
При санација на стари оштетени армирано бетонски елементи, видливата арматура и анкери треба да се исчистат од корозија, остатоци на боја и масло (со челична четка или пескарење).

ВГРАДУВАЊЕ

Ексмал 1 се меша со количината на вода, која за една врећа од 25 kg изнесува од 3,3 до 3,6 kg. Се меша со бавен мешач (~500 вртежи/мин) до потполна хомогенизација - најмалку 3 мин.
Смесата се остава да одлежи до 2-3 минути, а потоа повторно се промешува и се вградува со налевање во претходно подготвени отвори во подлогата или оплатата. Првите неколку часа вградениот материјал се штити од високи температури (над 30°C), од директна изложеност на сонце и провев, и се „негува" со поливање со вода или друг соодветен метод за нега на бетон.
Се препорачува Ексмал 1 да се користи за залевање на елементи со дебелина на пресекот до 2,0 cm. За поголеми пресеци се препорачува употреба на Ексмал со поголемо максимално зрно на агрегатот (Ексмал 4,8,16,32). Причината за ваквата препорака е подобрување на економичноста на изведбата и намалување на негативните ефекти од егзотермните процеси при бетонирање на поголеми пресеци.
При залевање на поголеми површини со мала дебелина, во зависност од типот на конструкциајта површината треба да се подели на полиња со изведба на работни фуги, веднаш по стврднувањето на материјалот. Дополнително, фугите можат да се исполнат со кит на епоксидна основа (за монолитизација на површината) или со еластичен кит (доколку конструкцијата треба да работи-дилатира).

ЗАЛЕВАЊЕ НА АНКЕРИ

При залевање на челични анкери со Ексмал 1, отворот кој се буши (и во кој се вметнува анкерот) мора да биде со дијаметар најмалку 6mm поширок од дијаметарот на анкерот (радиусот на отворот да биде најмалку 3mm поширок од радиусот на анкерот). Отворот во кој се вградува анкерот мора да биде чист и обеспрашен, а околниот бетон заситен со вода. При залевање на хоризонтални анкери, отворот мора да има благ наклон (надолу), за да се избегне истекување на материјалот. Предвидената количина Ексмал 1 се налива во отворот (до приближно 1/2 од длабочината) а потоа се набива анкерот така што вишокот на материјал се прелева а целиот простор помеѓу анкерот и бетонот комплетно се исполнува.

ПОТРОШУВАЧКА

За 1 m^3 вграден ЕКСМАЛ 1 потребно е приближно 2200 kg материјал.

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) по.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 25 kg.
Пластични канти 4 kg.

СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.

ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

17, 20

GBCA001/6

EN 1504-3:2005
EN 1504-6:2006

ЕКСМАЛ 1
Производ за конструктивни репарации на бетон – малтер на база на хидрауличен цемент (CC)

Според EN 1504-3	
Јакост на притисок	**≥ 45 N/mm² (класа R4)**
Содржина на хлор јони	**≤ 0,05%**
Адхезивна врска	**≥ 2,0 N/mm²**
Ограничено собирање/ширење	**Јакост на врската по собирање и ширење ≥ 2,0 N/mm²**
Отпорност на карбонизација	**Отпорен d_K ≤ еталон (MC 0,45)**
Модул на еластичност	**≥ 20 GPa**
Термичка компатибилност Дел 1: Мрзнење/размрзнување со соли за одмрзнување	**Јакост на врската по 50 циклуси мрзнење-размрзнување ≥ 2,0 N/mm²**
Капиларна апсорпција	**≤ 0,5 kg/m² · h^{0,5}**
Реакција на пожар	**Еврокласа A1**
Опасни супстанции	**Својството не е определено**
Според EN 1504-6	
Pull out	**Дилатација ≤ 0,6 mm при нанесена сила од 75 kN**

Опасност по здравјето: Ексмал 1 не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде до во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или очи, потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Ексмал 1 е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистење на остатоци од Ексмал 1 е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) по.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk